# Процес за ажурирање на софтвер за определен Product Link™ софтвер за контролен модул за телематика и опрема Cat (ECM)

Како ваши деловни партнери, Caterpillar и вашиот Cat® дилер се посветени на обезбедување одлични технолошки понуди и услуги од висока класа.  Во зависност од конфигурацијата и изборот на услуги, нашите Далечински услуги ви овозможуваат пакет можности којшто вклучува:

- Далечинско ажурирање на софтвер, коешто ви нуди можност да ажурирате одбран софтвер за Product Link™ телематика и Cat ECM (контролен модул за опрема) со испраќање датотеки директно до вашиот производ—далечински, безжично
- Далечинска дијагностика
- Локални услуги (овозможуваат сервисирање на опремата во опсегот на WiFi)

Овој документ ги опишува нашите практики за управување со Далечинско ажурирање на софтвер за Product Link софтвер за телематика и Cat ECM.  Далечинското ажурирање на софтвер овозможува додадена вредност за корисниците на Caterpillar преку:

- Намалување од потребата за патување за физички да се пристапи до опремата,
- Намалување на трошоците за услугите за поддршка коишто дилерите на Cat ги обезбедуваат за корисниците,
- Продолжување на времето за работа поради побрзото решавање на проблемите,
- Обезбедување подобри и подоверливи податоци за поефикасна подготовка на поддршката, подобрување на перформансите на софтверот и на основното средство и повеќе.

**Како можам да добијам ажурирање на софтвер?**

Ние го почитуваме вашиот избор и управуваме со нашите Далечински услуги на начин којшто дава максимална вредност на вашиот Product Link софтвер за телематика и Cat ECM, ја оптимизираме вашата врска за поддршка со Caterpillar и со вашиот Cat и усогласени сме со применливите закони и прописи. Како основен принцип, Caterpillar ги користи своите напори за добра практика за да ви обезбеди известувања за ажурирање во колку што е разумно можно пократко време. Известувањата може да се обезбедат преку најразлични средства за ажурирање, вклучувајќи е-пошта, вашиот дилер или апликација базирана на веб или за мобилен уред. Се разбира, нашата способност да ви дадеме известување зависи од приемот на важите најнови податоци за контакт. Процесот на комуникација за ажурирањата вообичаено зависи од типот на извршеното флешување, како што е опишано подолу:

**Помали рутински ажурирања:** За рутински и ажурирања со низок ризик по телематските уреди, Caterpillar will use its good faith efforts to provide you with advanced notice and give you the option to elect not to enable that update if for any reason you do not wish to receive it. Таквите рутински ажурирања вклучуваат поправки на грешки и мали ажурирања, подобрувања на функционалности и подобрувања на перформанси.

**Поголеми ажурирања:** Кога влијанието на ажурирањето со флешување ќе надмине помало ажурирање, ажурирањето ќе биде инсталирано само откако вие или вашиот сервисен техничар (којшто може да биде техничар на дилерот) прво ќе го активира тоа ажурирање преку одобрена мобилна или веб-базирана апликација, или преку друго средство предвидено да се уверите дека сте согласни со ажурирањето и да потврдите дека производот е во безбедна состојба пред да продолжите. Поголемото ажурирање може да вклучува некоја од околностите подолу:

- Флешување на нов софтвер на контролен ECM (мотор, трансмисија, итн.)
- Далечинско менување на параметар за конфигурација на контролен ECM
- Овозможување функционалност или Софтверски овозможено прикачување
- Менување на нивоата на претплата, коешто би предизвикало дополнителни трошоци за корисникот и материјална промена на собраните лични податоци
- Поголеми ажурирања на софтверот за телематика што влијае на основното средство, како што е промената на фирмверот на телематиката или на елемент со далечинско конфигурирање на системски контролен модул којшто може да ги промени перформансите на основно средство или систем

**Ажурирања за подобрување на сигурност и безбедност:** Доколку е потребно ажурирање заради подобрување на сигурноста или за безбедно ракување со машина или систем, ние ќе ве известиме откако ажурирањето е извршено.

**Ажурирања за комуникација:** Во чекор со индустриската практика, Caterpillar нашите мобилни оператори можеби далечински ќе ажурираате параметри коишто не влијаат на работењето на опремата ниту пак на друг начин достигнуваат ниво на повисока категорија погоре; вклучувајќи ја листата за мрежен роуминг, карактеристики на податоците или други информации од (Модул за идентитет на претплатник) во вашата Product Link™ телематика без да ви даде известување, или како што е опишано во документацијата за Product Link.

## Изјава на Caterpillar за принципи на поврзани податоци на производ и за управување со податоци

Многу од нашите дигитални технологии и услуги, вклучувајќи ги и Далечинските услуги, се потпираат врз поврзување на производ и податоци и онлајн пристап коишто се овозможени како резултат на поврзаноста. Дополнителни информации во врска со нашите практики за собирање и за управување со собраните податоци за производите се достапни во *Изјава на Caterpillar за глобална приватност на податоците*, какви било Известувања за приватност применливи на понудата за дигитална претплата и во *Изјавата на* Caterpillar за управување со податоците. Пристапете до овие документи за да дознаете повеќе за типот на информации коишто ги собираме, како ги собираме и користиме и за другите практики, вклучувајќи ја нивната поврзаност со Далечинските услуги.

**Како да дознам повеќе?**

Контактирајте со нас преку е-пошта на >CatConnectSupport@cat.com  или разговарајте со својот Cat дилер за да дознаете повеќе за нашите Далечински услуги, вклучувајќи ги нивните поволности, како работат и дали се достапни ажурирања за вашиот Product Link софтвер за телематика и Cat ECM.